23

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење

Sektori i arsimit të mesëm, arsim të të rriturve dhe mësim gjatë gjithë jetës

Бр. 13-10198/2
Датум 24 OCT 2024

**До:**
**Анита Николовска-Извршен директор на Здружение на граѓани Младите можат**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Почитувани,

Во врска со Вашата Предлог-иницијатива за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година со наслов „Инкорпорирање на програми за образование за ментално здравје во рамки на средното образование, доставена до Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Одделение за соработка со невладини организации, Министерството за образование и наука Ве известува за следното:

Во фаза на донесување е Национален акциски план (2024-2030) за имплементација на мерки за унапредување на менталното здравје кај децата и адолесцентите, со кој се утврдени конкретни чекори за подобрување на ментално-здравствената грижа на оваа популација, утврдено со Националната стратегија за ментално здравје за периодот 2018-2025 година.

Формирана е надзорна група за спроведување на заедничка програма при Министерството за здравство, во која членуваат претставници од релевантни национални институции, која, меѓу другото, има задача да изготви сеопфатен Национален план за менталното здравје и психосоцијалната добросостојба на децата и адолесцентите.

Акциски план се фокусира на 4 клучни области: здравство, образование, социјални услуги и меѓу секторска хоризонтална соработка. Како основа за подготовка на Акцискиот план се користени неколку начела:

1) систем на ментално здравје ориентиран кон детето;
2) еднаков пристап до соодветна и ефикасна превенција на ментални заболувања во здравствени, образовни и во социјални установи;
3) рана интервенција;
4) подобрена ефикасност во координацијата на системот за здравствена, образовна и социјална заштита;
5) услуги засновани врз потребите на децата и на адолесцентите и, на тој начин, намалување на фокусот на утврдување дијагноза за пристап кон услугите, како и
6) примена на практики засновани врз докази и создавање услови за евалуација на квалитетот на услугите.

Секоја клучна област содржи специфични цели што треба да се постигнат. Секоја цел има повеќе поврзани дејства, кои се потребни за да се реализира општата цел на Акцискиот план: оптимален систем за ментално здравје и добросостојба на деца и адолесценти.

Воедно Ве известуваме дека Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието во континуитет се залагаат училиштата да бидат безбедни места во кои учениците ќе најдат разбирање, одговори и поддршка за да ги надминат предизвиците, да ги


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

унапредат своите социјални и емоционални компетенции и да ја зајакнат психолошката отпорност.

Во изминатиот период се реализираше проект за унапредување на менталното здравје на децата и адолесцентите преку обезбедување професионален развој на стручните соработници во областа на давање на психосоцијална поддршка. Во рамките на активностите на проектот се изготви Програма за психосоцијална помош и поддршка и се направи мрежа за колегијална поддршка во која има ментори кои се обучени за активностите од Програмата за психосоцијална поддршка. Во средните училишта сите стручни соработници се обучени и се дел од мрежата за давање колегијална поддршка. Бирото за развој на образование во соработка со менторите и сите стручни соработници во училиштата кои се дел од мрежата ја достави Програма за психосоцијална помош и поддршка на добросостојбата и менталното здравје на децата и младите во образованието до сите средни училишта во нашата земја и со неа сет на други материјали во насока на подобрување на менталното здравје и благосостојба на учениците во средните училишта.

Училиштата веќе реализираат програми за психосоцијална помош и поддршка на добросостојбата и менталното здравје со поддршка на советниците на БРО.

Согласно горенаведеното Министерството за образование и наука е на мислење дека веќе се предвидени активности и програми за менталното здравје и добросостојба во рамките на средното образование во Национален Акциски план (2024-2030) за менталното здравје на деца и адолесценти.

Со почит,

МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
проф.д-р Весна Јаневска

Подготвил: Далибор Ацевски
Контролирал: Sadete Ramadani Mora
Одобрил: Наталија Кижевска
Согласен: Државен секретар, Елена Ивановска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk